Неофицијален пречистен текст[1]

ПРАВИЛНИК
за видови и карактеристики на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва, како и детално пласирање и ограничување на тие вложувања и нивно вреднување

I. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат видовите и карактеристиките на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва на друштвата за осигурување, односно друштвата за реосигурување (во натамошниот текст: друштвата за осигурување), согласно членовите од 88 до 98 од Законот за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст: Законот), и тоа:

- видовите и карактеристиките на дозволените вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва,
- правилата за дисперзија (локализација) и ограничување на вложувањата на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва,
- вреднувањето на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва, и
- начини и рокови на известување на Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата).

II. Основни принципи на вложувањето

Член 2

(1) Друштвото за осигурување е должно да ги вложува средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва согласно правилата и принципите на претпазливо и совесно управување со вложувањата.

(2) При избор на видот на вложувањата на средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва, друштвото за осигурување е должно да ги земе предвид класите во рамки на кои врши работи на осигурување, почитувајќи ги принципите на сигурност, профитабилност и ликвидност на вложувањата, како и разновидност и дисперзија на вложувањата.

(3) Друштвото за осигурување е должно да го усогласи рокот на доспевање на средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва со рокот на доспевање на обврските кои произлегуваат од договорите за осигурување.

---

[1] Пречистениот текст на Правилникот е изготвен врз основа на текстот на Правилникот за видови и карактеристики на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва, како и детално пласирање и ограничување на тие вложувања и нивно вреднување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 64/2011), Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за видови и карактеристики на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва, како и детално пласирање и ограничување на тие вложувања и нивно вреднување („Службен весник на Република Македонија" бр. 127/2014), Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за видови и карактеристики на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва, како и детално пласирање и ограничување на тие вложувања и нивно вреднување („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/2016) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за видови и карактеристики на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва, како и детално пласирање и ограничување на тие вложувања и нивно вреднување („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2019). Пречистениот текст нема правна сила. За правни цели единствено валидни се текстовите кои што се објавени во претходно наведените Службени весници.

(4) Друштвото за осигурување е должно да ги прилагоди вложувањата на средствата кои ја покриваат математичката резерва со сите свои обврски кои произлегуваат од договорите за осигурување, чии износи зависат од промените на девизниот курс на странските валути најмалку до 80%.

(5) Друштвото за осигурување е должно со вложувањата на средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва да управува на начин кој обезбедува соодветни приноси и готовински тек, за да може во секој момент да ги подмири доспеаните обврски, односно да не ја доведе во прашање ажурноста во исплатата на оштетните побарувања.

(6) Друштвото за осигурување не смее да ги вложува средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва во инструменти на кои се ставени забрани или ограничувања од каков било вид.

(7) Друштвото за осигурување е должно да вложува средства во висина најмалку еднаква на висината на нето техничките резерви.

(8) Доколку Агенцијата оцени дека друштвото за осигурување ги вложува средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва спротивно на одредбите од став 1 до став 7 на овој член, може да му наложи на друштвото за осигурување да се усогласи со одредбите од Законот и овој правилник.

III. Интерни акти за вложување

Член 3

(1) Во рамки на политиката за идентификување, мерење и следење на ризици, друштвото за осигурување е должно да донесе интерни акти за вложувањата со кои ќе ги одреди стратегиите и принципите на вложување, организацијата, постапките, следењето и известувањето за вложувањата.

Интерните акти кои се однесуваат на вложувањата треба да содржат:

- принципи и цели на вложување,
- методи за следење на вложувањата, насоки и начини за спроведување на законските и подзаконските одредби,
- методи на вреднување,
- инструкции, ограничувања, дозволени вредности утврдени врз основа на индивидуална процена на ризик,
- опис на процедури на вложувања,
- организациона структура: дефинирање на задачи, надлежности и одговорности на организационите единици,
- опис на задачите на лицата надлежни за вложување,
- стручност и квалификации на лицата одговорни за вложување на средствата,
- интерно известување помеѓу организационите единици и рокови на известување,
- надзор и проверка на процедурите на вложување, односно воспоставување на интерни контролни механизми за да се обезбеди рано препознавање на потенцијалниот ризик и утврдување на ризик, како и мерки за спречување на одредени видови ризици, т.е. кумулација на ризици од поголемо значење, и
- правила за организација, чување и достапност на книговодствената и друга документација поврзана со вложувањата на средствата.

(2) Друштвата за осигурување ја спроведуваат политиката на вложувањата преку воспоставување, односно усогласување на својата организациска структура.

(3) Интерните акти за вложување на средствата на друштвата за осигурување мора да бидат усогласени со сите важечки прописи, односно законите со кои се регулираат вложувањата.

IV. Видови и карактеристики на дозволените вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва

Член 4

(1) Друштвото за осигурување е должно да ги вложува средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва исклучиво во видовите на вложувања пропишани во Законот.

(2) Покрај одредбите од став 1 на овој член, а во согласност со одредбите од член 88 став (1) точка

16) од Законот, за дозволени средства кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва на друштвото за осигурување се сметаат и следните:

2.1 Дадените аванси во висина на откупната вредност на полисата за осигурување на живот, и тоа најмногу до 20% од нето вредноста на математичката резерва;

2.2 Недоспеаните побарувања по основ на премија за осигурување, соосигурување и реосигурување, најмногу до 20% од нето вредноста на резервите за преносни премии;

2.3 Недоспеаните побарувања по основ на премија за осигурување, соосигурување и реосигурување, најмногу до 10% од нето вредноста на резервите за преносни премии.

(3) При вложување на средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва, друштвата за осигурување се должни да ги почитуваат ограничувањата предвидени во Законот и овој правилник.

Член 5

Средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва може да се вложуваат во депозити во банки кои имаат дозвола издадена од Народна банка на Република Македонија согласно член 88 став (1) точка 2) од Законот, најмногу до 25% од вкупната вредност на средствата кои ги покриваат техничките резерви, односно математичката резерва во поединечна банка.

Член 6

Средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва може да се вложуваат во обврзници и во други должнички хартии од вредност согласно член 88 став (1) точка 5) од Законот, доколку:

- Обврзниците, односно другите должнички хартии од вредност се издадени од домашни акционерски друштва врз основа на одобрение од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија (во натамошниот текст: КХВ)
- Обврзниците, односно другите должнички хартии од вредност котираат на официјалниот пазар на берзата на хартии од вредност или на друг организиран пазар на хартии од вредност во Република Македонија што го контролира КХВ, и
- акционерските друштва кои ги издаваат имаат извештај за извршена ревизија на годишните финансиски извештаи во кој не е изразено воздржување од мислење или негативно мислење за последната финансиска година, согласно меѓународните стандарди за ревизија, и кој е изработен од овластено друштво за ревизија.

Член 7

Средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва може да се вложуваат во обврзници и во други должнички хартии од вредност согласно член 88 став (1) точка 6) од Законот, доколку акционерските друштва кои ги издаваат имаат извештај за извршена ревизија на годишните финансиски извештаи во кој не е изразено воздржување од мислење или негативно мислење за последната финансиска година, согласно меѓународните стандарди за ревизија, и кој е изработен од овластено друштво за ревизија.

Член 8

Средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва може да се вложуваат во акции согласно член 88 став (1) точка 7) од Законот, доколку

- акциите се издадени од домашни акционерски друштва врз основа на одобрение од КХВ,

- акциите котираат на официјалниот пазар или се тргуваат на пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување во рамки на редовниот пазар на берзата на хартии од вредност или на друг организиран пазар на хартии од вредност во Република Македонија што го контролира КХВ, и
- акционерските друштва кои ги издаваат имаат извештај за извршена ревизија на годишните финансиски извештаи во кој не е изразено воздржување од мислење или негативно мислење за последната финансиска година, согласно меѓународните стандарди за ревизија, и кој е изработен од овластено друштво за ревизија.

Член 9

Средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва може да се вложуваат во акции согласно член 88 став (1) точка 8) од Законот, доколку акционерските друштва кои ги издаваат имаат извештај за извршена ревизија на годишните финансиски извештаи во кој не е изразено воздржување од мислење или негативно мислење за последната финансиска година, согласно меѓународните стандарди за ревизија, и кој е изработен од овластено друштво за ревизија.

Член 10

(1) Средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва може да се вложуваат во удели во трговски друштва согласно член 88 став (1) точка 9) од Законот, доколку се работи за друштва со ограничена одговорност со седиште во Р. Македонија.

(2) Во друштва со ограничена одговорност од став 1 од овој член може да се вложува исклучиво ако не се поврзани лица со друштвата за осигурување.

Член 11

(1) Средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва може да се вложуваат најмногу до 10% во удели и акции на отворени и затворени инвестициски фондови согласно член 88 став (1) точка 10) од Законот, издадени од исто друштво за управување со инвестициски фондови од Република Македонија.

(2) Во удели на приватни инвестициски фондови може да се вложуваат најмногу до 1,5% од средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва, при што во поединечен инвестициски фонд може да се инвестираат најмногу до 0,5% од средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва.

Член 12

Средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва може да се вложуваат во долгорочни обврзници и долгорочни должнички хартии од вредност согласно член 88 став (1) точка

11) од Законот, доколку земјата на издавачот на обврзниците и другите хартии од вредност има долгорочен кредитен рејтинг за долг во странска валута „BBB+" или повисок рејтинг според Fitch Investor Services или Standard & Poor's или „Baa1" или повисок според Moody's.

Член 13

Средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва може да се вложуваат во долгорочни обврзници и долгорочни должнички хартии од вредност согласно член 88 став (1) точка

12) од Законот, доколку:

а) должничките хартии од вредност имаат кредитен рејтинг издаден од најмалку една меѓународна

кредитна рејтинг агенција, и тоа: „BBB+" или повисок рејтинг според Fitch Investor Services или Standard & Poor's или^aa!" или повисок според Moody's за долгорочни инструменти, и

б) земјата на издавачот на обврзниците и другите хартии од вредност има долгорочен кредитен рејтинг за долг во странска валута „BBB+" или повисок рејтинг според Fitch Investor Services или Standard & Poor's или „Baa1" или повисок според Moody's.

Член 14

Средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва може да се вложуваат во акции чиј издавач е странско акционерско друштво согласно член 88 став (1) точка 13) од Законот, доколку акционерските друштва кои ги издаваат ги исполнуваат следните услови: а) кредитниот рејтинг (issuer rating) на компанијата издавач е „BBB+" или повисок рејтинг според Fitch Investor Service или Standard & Poor's или „Baa1" или повисок според Moody's, и

б) земјата во која се наоѓа седиштетот на издавачот на акциите има долгорочен кредитен рејтинг за долг во странска валута „BBB+" или повисок рејтинг според Fitch Investor Services или Standard &Poor's или „Baa1" или повисок според Moody's.

Член 15

Средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва може да се вложуваат во удели на инвестициски фондови согласно член 88 став (1) точка 14) од Законот, доколку:

а) друштвото за управување со инвестициски фондови е со седиште во земја членка на ЕУ или на ОЕЦД, при што седиштето не смее да биде во off-shore зона определена од Меѓународниот монетарен фонд, и

б) странскиот инвестициски фонд е регистриран во земја која има долгорочен кредитен рејтинг за надворешен долг во странска валута „BBB+" или повисок рејтинг според Fitch Investor Services или Standard & Poor's или „Baa1" или повисок според Moody's, и

в) странскиот инвестициски фонд нема карактеристики на хеџ фонд (hedge fund), односно приватен
фонд со ризичен капитал.

V. Фјучерс договори, опции и останати деривативни финансиски инструменти

Член 16

(1) Друштвата за осигурување може да користат фјучерс договори, опции и други деривативни финансиски инструменти доколку тие овозможуваат обезбедување од ризици настанати како резултат на флуктуации на девизниот курс, каматните стапки и други видови пазарни ризици.

(2) Пред да почне да користи деривативни финансиски инструменти, друштвото за осигурување е должно да изработи интерни акти за употреба на деривативните финансиски инструменти, со кои ќе го пропише начинот за мерење и управување со ризици на кои се изложени средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва.

(3) Друштвото е должно да ја известува Агенцијата за употребата на деривативните финансиски инструменти, во рок од 8 дена по завршување на месецот.

VI. Вреднување на вложувањата

Член 17

Видовите вложувања предвидени во Законот и овој правилник ќе бидат вреднувани согласно Меѓународните стандарди за финансиско известување и Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловни биланси.

VII. Начин и рокови на известување

Член 18

(1) Друштвото за осигурување е должно да ја известува Агенцијата за видовите на вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва согласно формата и содржината на образецот за известување ВТР, односно МТР кои се дадени во прилог на овој правилник и се негов составен дел.

(2) Друштвото за осигурување е должно да ја известува Агенцијата за видовите на вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва со состојба на 31 март (прв квартал), 30 јуни (втор квартал), 30 септември (трет квартал) и 31 декември од тековната година (четврт квартал), најдоцна во рок од 30 дена од завршувањето на кварталот за кој се однесува известувањето.

(3) По исклучок на став 1 од овој член, друштвото за осигурување е должно да ја извести Агенцијата за четвртиот квартал и дополнително со доставување на годишните финансиските извештаи.
(4) Друштвото за осигурување ги доставува уредно пополнетите обрасци ВТР и МТР во електронска форма на начин утврден од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.
(5) Доколку дојде до намалување на кредитниот рејтинг за издавачот или за хартијата од вредност под дозволеното ниво, друштвото за осигурување е должно за тоа да ја извести Агенцијата во рок од 8 дена откако добиле информација за настанатата ситуација за намалување на кредитниот рејтинг за издавачот или хартијата од вредност под дозволеното ниво и да се усогласи во рок од 90 дена од денот на настанување на оваа промена.
(6) Доколку друштвото за осигурување има дозвола од Агенцијата за пренос на надворешни активности поврзани со управување со средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва, друштвото за осигурување е должно заедно со известувањето од ставовите 1 и 2 на овој член да достави и целосна документација во врска со тековните активности поврзани со вложувањата.

Службен весник на Република Македонија бр. 64/2011

V. Преодни одредби

Член 20

(1) Одредбите од членот 4 став 1 точка 2.2 од овој правилник ќе се применуваат до 31.12.2011 година.

(2) Одредбите од членот 4 став 1 точка 2.3 од овој правилник ќе се применуваат од 1.1.2011 година до 31.12.2012 година.

VI. Завршни одредби

Член 21

(7) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува при изготвување на известувањето за видовите на вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва и годишниот извештај на друштвата за осигурување со состојба на 30 јуни 2011 година.

Службен весник на Република Македонија бр. 127/2014

Преодни и завршни одредби

Член 3

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија.

(2) Друштвата се должни овој правилник да го применуваат со изготвувањето на кварталните извештаи за третиот квартал за 2014 година.

Службен весник на Република Македонија бр. 61/2016

Член 2

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 април 2016 година.

(2) Друштвата се должни овој правилник да го применуваат со изготвувањето на извештаите за вториот квартал за 2016 година.

Службен весник на Република Македонија бр. 36/2019

Член 12

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република

Македонија“.

(2) Друштвата се должни овој правилник да го применуваат со изготвувањето на извештаите за првиот квартал за 2019 година.

(група)
(назив на друштво)
(период)
(тековна година)

ВТР: Вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви

мкд

	Број	Дозволен %	Остварен износ	Остварен %
		1	2	3
Видови дозволени вложувања	**I**			
Парични средства во благајна и средства на банкарските сметки	I1	3%		0,0%
Депозити во банки ко имаат дозвола издадена од НБРМ	I2	60%		0,0%
	I3			
Обврзници и други должнички хартии од вредност издадени или за кои гарантира Република Македонија на домашниот пазар	I4	80%		0,0%
Обврзници и други должнички хартии од вредност кои ги издаваат или за кои гарантираат единиците на локалната самоуправа на РМ	I5	10%		0,0%
Обврзници и други должнички хартии со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во РМ	I6	35%		0,0%
Обврзници и други должнички хартии со кои не се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во РМ, ако нивен издавач е правно лице со седиште во РМ	I7	5%		0,0%
Акции со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во РМ	I8	25%		0,0%
Акции со кои не се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во РМ, ако нивен издавач е правно лице со седиште во РМ	I9	5%		0,0%
Удели во трговски друштва во РМ	I10	5%		0,0%
Удели и акции на инвестициски фондови кои се регистрирани во РМ	I11	20%		0,0%
Долгорочни обврзници и други долгорочни хартии од вредност чиј издавач е земја членка на ЕУ или земја членка на ОЕЦД	I12			0,0%
Долгорочни обврзници и други долгорочни хартии од вредност чиј издавач е странски правен субјект од земја членка на ЕУ или земја членка на ОЕЦД	I13	20%		0,0%
Акции чиј издавач е странско акционерско друштво со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во земјите членки на ЕУ или земјите членки на ОЕЦД	I14			0,0%
Удели на инвестициски фондови со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во земја членка на ЕУ или земја членка на ОЕЦД	I15			0,0%
Друг вид на вложување согласно правилата на АСО, под услов тоа да не е во спротивност со став 2 од член 89 од ЗСО	I16			0,0%
Вложувања кои не се предвидени со Правилникот	**II**			**0,0%**

НАПОМЕНА: Вложувањата од точка 6 и точка 8 од оваа табела не смеат да надминат 5 % кај ист издавач и вложувањата од точка 7, точка 9 и точка 10 од оваа табела не смеат да надминат 1 % кај ист издавач.

Ставка	Број	Износ
Вкупно доволени вложувања на средства	**III**	0
Вкупно нето технички резерви	**IV**	0
Резерви за преносни премии	IV1	
Резерви за бонуси и попусти	IV2	
Резерви за штети	IV3	
Други технички резерви	IV4	
Еквилизациона резерва	IV5	
Разлика (IV-III)	**V**	0

(група)
(назив на друштво)
(период)
(тековна година)

ВМР: Вложувања на средствата кои ја покриваат математичката резерва

мкд

	Број	Дозволен %	Остварен износ	Остварен %
		1	2	3
Видови дозволени вложувања	**I**			
Парични средства во благајна и средства на банкарските сметки	I1	3%		0,0%
Депозити во банки ко имаат дозвола издадена од НБРМ	I2	60%		0,0%
	I3			
Обврзници и други должнички хартии од вредност издадени или за кои гарантира Република Македонија на домашниот пазар	I4	80%		0,0%
Обврзници и други должнички хартии од вредност кои ги издаваат или за кои гарантираат единиците на локалната самоуправа на РМ	I5	10%		0,0%
Обврзници и други должнички хартии со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во РМ	I6	35%		0,0%
Обврзници и други должнички хартии со кои не се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во РМ, ако нивен издавач е правно лице со седиште во РМ	I7	5%		0,0%
Акции со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во РМ	I8	25%		0,0%
Акции со кои не се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во РМ, ако нивен издавач е правно лице со седиште во РМ	I9	5%		0,0%
Удели во трговски друштва во РМ	I10	5%		0,0%
Удели и акции на инвестициски фондови кои се регистрирани во РМ	I11	20%		0,0%
Долгорочни обврзници и други долгорочни хартии од вредност чиј издавач е земја членка на ЕУ или земја членка на ОЕЦД	I12			0,0%
Долгорочни обврзници и други долгорочни хартии од вредност чиј издавач е странски правен субјект од земја членка на ЕУ или земја членка на ОЕЦД	I13	20%		0,0%
Акции чиј издавач е странско акционерско друштво со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во земјите членки на ЕУ или земјите членки на ОЕЦД	I14			0,0%
Удели на инвестициски фондови со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во земја членка на ЕУ или земја членка на ОЕЦД	I15			0,0%
Аванси	I16			0,0%
Вложувања кои не се предвидени со Правилникот	**II**			**0,0%**

НАПОМЕНА: Вложувањата од точка 6 и точка 8 од оваа табела не смеат да надминат 5 % кај ист издавач и вложувањата од точка 7, точка 9 и точка 10 од оваа табела не смеат да надминат 1 % кај ист издавач.

Ставка	Број	Износ
Вкупно доволени вложувања на средства	**III**	0
Вкупно математичка резерва	**IV**	0
Разлика (IV-III)	**V**	0